# „Возвишениот Аллах вели: Му објавувам војна на оној кој ќе го вознемири Мојот штитеник (евлија). Мојот роб не Ми се приближува со ништо поомилено од она што сум му го пропишал како обврска

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Возвишениот Аллах вели: Му објавувам војна на оној кој ќе го вознемири Мојот штитеник (евлија). Мојот роб не Ми се приближува со ништо поомилено од она што сум му го пропишал како обврска. И Мојот роб постојано Ми се приближува со доброволни ибадети сѐ додека не го засакам. А кога ќе го засакам – Јас сум неговиот слух со кој слуша, неговиот вид со кој гледа, неговата рака со која работи и неговата нога со која оди. Ако Ме замоли, сигурно ќе му дадам, а ако побара заштита кај Мене, сигурно ќе го заштитам.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, во хадис кудси, известил дека Возвишениот Аллах вели: „Кој ќе му наштети на еден од Моите штитеници (евлија), кој ќе го навреди или ќе го мрази – Јас му објавувам непријателство.“ Евлија е богобојазливиот верник, а колку е посилен човековиот иман и богобојазливост, толку поголема е неговата блискост до Аллах. Муслиманот не Му се приближува на својот Господар со ништо поомилено од она што Аллах му го пропишал како обврска – преку извршување на Неговите наредби и одбегнување на Неговите забрани. А со постојаното приближување преку доброволните ибадети покрај фарзовите, човекот ја заслужува Неговата љубов. А кога Аллах ќе го засака Неговиот роб, Тој го насочува и го поддржува во четири нешта: Го упатува неговиот слух – па не слуша ништо освен она што Аллах го сака. Го упатува неговиот вид – па не гледа ништо освен она што Аллах дозволува и го сака. Ја насочува неговата рака – па не работи со неа освен она што Го задоволува Аллах. Ја насочува неговата нога – па не чекори освен кон она што го предизвикува Божјото задоволство и не се стреми освен кон она што е добро. Затоа, кога Му се обраќа со дова, Аллах сигурно ќе му даде. А кога бара заштита и прибежиште кај Него, Аллах сигурно ќе го заштити од она од што се плаши.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee